# Компатибилност на компетенциите и квалификациите на менаџерите на човечки ресурси со работните места во Република Македонија

**Раководител на проект:** проф. д-р Александра Стоилковска

**Нарачател:** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Изведувач:** Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Оправданост на истражувањето**

Глобализацијата ја наметна потребата за развој на нови кадри од различни области, што како потреба се наметна и во областа на менаџмент на човечки ресури.

Работни места од областа на човечките ресурси во Република Македонија почнаа да отвараат сите поголеми македонски компании по примерот на меѓународните корпорации, кои функционираат во рамките на нашата држава. Со оглед на тоа што во државата не постојат соодветно образувани кадри со средно образование, а со факултетско образование сè уште нема доволно кандидати (во државата функционира само еден факултет за менаџмент на човечки ресурси), на работните места се поставуваат кандидати со несоодветно образование кои немаат изградено соодветни компетенции потребни за извршување на дејноста. Следствено на ова, актуелната состојба во областа на функционирањето на секторите за менаџмент на човечки ресурси е следната:

- Дел од вработените во секторите за човечки ресурси ја изведуваат единствено административната функција со водење на евиденција за редовност, стаж, плати, пензии итн. Останатите функции на менаџментот на човечки ресурси апсолутно се непознати за нив, дури и не знаат дека постојат.
- Некои пак, самостојно се образуваат преку следење на стручна литература, семинари, обуки итн. и самоиницијативно се обидуваат да направат нешто ново во компаниите, немајќи притоа повратна информација за квалитетот на работата која ја изведуваат.
- Трети, едноставно ги држат работните места, а притоа не работат ништо од менаџментот на човечки ресурси туку работат онаму каде што ќе бидат повикани.

Во овој контекст треба да се напомене дека некои компании воопшто немаат оддел ниту вработени лица за менаџмент на човечки ресурси.

Врз основа на гореспоменатото, а притоа водени од потребата за темелно научно истражување на посочената проблематика, Факултетот за менаџмент на човечки ресурси иницира реализација на научно-истражувачки проект со наслов „*Компатибилност на*

*компетенциите и квалификациите на менаџерите на човечки ресурси со работните места во Република Македонија“.*

Како главни ***цели на проектот*** се поставуваат следните:

- Да се утврди фактичката состојба за постоење на вработени лица за изведување работа и работни задачи од менаџмент на човечки ресурси во компаниите во Република Македонија.
- Да се утврди фактичката состојба за компатибилноста на образованието со работното место.
- Да се утврди нивото на компетенции од областа на МЧР.
- Да се утврди колку актуелните менаџери на човечки ресурси ги применуваат современите трендови во МЧР во работата.

**Истражување**

Истражувањето ќе се реализира во компании на територијата на Република Македонија. Примерокот на истражување ќе биде определен согласно базата на Македонската асоцијација за човечки ресурси како секундарен извор на податоци, во однос на компаниите кои имаат отворени работни места за менаџери на човечки ресурси. Како техники ќе се користат анкетирање и интервјуирање, за што наменски ќе бидат изработени анкетен прашалник и протокол за насочено интервју.

Истражувањето ќе го спроведат студентите на Факултетот за менаџмент на човечки ресурси под раководство на наставниот кадар (професори и асистенти).

**Време:** февруари 2017 до декември 2017

**Координатор на проектот:** проф. д-р Александра Стоилковска

**Координатор за методологија на истражување (од изработка до реализација):**
доц. д-р Катерина Митевска Петрушева

**Координатор за компании и студенти:** асс. м-р Гордана Серафимовиќ

**Статистичка обработка на податоци:** студенти од Факултетот за менаџмент на човечки ресурси